„Зборовите за кои, ако човек ги изговори по секој задолжителен намаз, нема да биде во загуба: триесет и трипати ‚Субханалах‘, триесет и трипати ‚Елхамду лиллах‘ и триесет и трипати ‚Аллаху екбер‘“

Од Каб бин Уџре, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Зборовите за кои, ако човек ги изговори по секој задолжителен намаз, нема да биде во загуба: триесет и трипати ‚Субханалах‘, триесет и трипати ‚Елхамду лиллах‘ и триесет и трипати ‚Аллаху екбер‘“.

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известил за зикрот, за кој никој нема нешто да изгуби ниту пак ќе се покае ако го практикува. За таквиот се подготвени награди кои ќе пристигнуваат една по друга. Овој зикр се кажува по задолжителниот намаз, а гласи: „Субханаллах“ триесет и трипати, со кои се одрекуваме од припишување на каков било недостаток на Возвишениот. „Елхамдулиллах“ триесет и трипати, претставува опишување на Аллах со потполна совршеност, поткрепена со љубов и Неговото величање. И „Аллаху екбер“ триесет и четирипати, Аллах е најголем, највозвишен и најмоќен од сè останато.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6259